Димитар ДИМЕСКИ

# ЕКОНОМСКИТЕ ПРИЛИКИ ВО БИТОЛСКИОТ ВИЛАЕТ ВО ПОСЛЕДНАТА ДЕЦЕНИЈА НА XIX И ПОЧЕТОКОТ НА XX ВЕК

Ерата на реформи во Османската империја започната со Ѓулханскиот хатишериф и продлабочена со Хатихумајунот, го засегнала и административното уредување на Империјата. При реорганизирањето на административното уредување на Империјата доаѓа до израз евидентната насоченост на османското законодавство кон модернизирање, поточно, европеизирање на османското административно уредување. Се разбира дека притоа биле задржани главните османски специфики. Со познатите законски акти од 1864, 1867 и 1871 година, вилаетот бил санкциониран како најкрупна административна единица во Османската империја. Во составот на вилаетот влегувале помалите административни единици: санџакот, казата и нахијата.

Во 1873/4 година (1290 г. х ), согласно новото административно уредување, се појавил на историската сцена Битолскиот вилает.

Во последната деценија на минатиот и во почетокот на овој век Битолскиот вилает го сочинувале: I. Битолски санџак со 5 кази; II. Серфиџески санџак со 6 кази; III. Корчански со 4 кази; IV. Елбасански со 3 кази и V. Дебарскиот со 4 кази. Во Битолскиот санџак влегувале казите: битолска, прилепска, охридска, леринска и кичевска. Во битолската каза биле вклучени 4 нахии: Преспа, Ресен, Крушево и Демир Хисар; во прилепската 1 (Мариово), во охридската 2 нахии (Струга и Дебарца); во леринската 2 (Невеска и Рудник); а кон крајот на разгледуваниов период во составот на кичевската каза влегла нахијата Порече. Во Серфиџескиот санџак со казите: Серфиџе, Кожани, Џумаа (Калјари), Гребена, Анаселица и Еласона, влегувале и 9 нахии. Во Корчанскиот санџак со казите: Корча, Старова, Колоња и Костур, влегувале 6 нахии, од кои половината и припаѓале на костурската каза. Во Елбасанскиот санџак со казите: Елбасан, Пеќин и Грамш, влегувале две нахии (Челменика и Спат). Дебарскиот санџак, за разлика од останатите четири санџаци на Битолскиот вилает, немал нахии.

Битолскиот санџак ја опфаќал територијата помеѓу 40 и 42 напоредник северна географска ширина и 20 и 22 меридијан — источна географска должина. На север се граничел со Косовскиот вилает, на

исток и југоисток со Солунскиот вилает, на југ со Кралството Грција, на југозапад со Јанинскиот вилает и на запад и северозапад со Скадарскиот санџак.

Битолскиот вилает се простирал на околу 32.000 км$^3$. Во неговиот состав влегувала најмногу македонска, албанска и делум грчка територија. Во него, кон крајот на минатиот век, живееле помеѓу 800—900 илјади жители.

Во Битолскиот вилает влегувал најголем дел од Западна и цела Југозападна Македонија, дел од Албанија и потесен грчки појас. На Македонија и припаѓале: целиот Битолски санџак и делови од Дебарскиот Корчанскиот и Серфическиот санџак, додека Елбасанскиот санџак целосно се наоѓал на албанска територија. Од Дебарскиот санџак на Македонија и припаѓале казите: Дебар (Горни Дебар), Малесија и Реки; од Корчанскиот санџак казите: Старова, Костур и биглишката нахија од корчанската каза; а од Серфицескиот санџак казите: Населица (Анаселица), Гребена, Кожани и Калјари, додека серфицеската каза се наоѓала на преминот помеѓу Македонија и Грција (Тесалија).

Македонската етничка групација била најбројна во Битолскиот вилает. Македонскиот етнички елемент бил доминантен во македонските области на Битолскиот вилает со исклучок на Серфицескиот, санџак. Тоа, од своја страна, укажува на добрата подлога за појавата и развитокот на македонското национанослободително движење во македонскиот дел на Битолскиот вилает.

Во Битолскиот вилает се испреплетувале економските и политичките интереси на европските империјалистички сили и балкански држави. Особено тоа е карактеристично за македонскиот дел од Вилаетот, кој бил економски знатно побогат и стратешки порелевантен.

Пенетрацијата на европскиот капитал во Битолскиот вилает се засилила со изградбата на железничката мрежа во Македонија, а особено со изградбата на железничката линија Солун—Битола (1894 год.)[1]

Османската економска политика, а особено нејзините царински и даночни сегменти негативно се одразиле врз стопанскиот развиток на Битолскиот вилает.

Полуколонијалниот статус на Империјата овозможил фаворизираниот европски капитал просто да ги преплави пазарите

---

[1] Линијата на релацијата Солун—Битола, според британскиот дипломат Ј. Е. Блунт, изнесувала 218 км. (Извештај на Ј. Е. Блунт до лордот Солзбери упатен од Солун на 10 мај 1894 г., — Хр. Андонов Полјански, Избор од британската дипломатска кореспонденција за историјата на железниците во Македонија /1871—96/, ГИНИ, XIX/1, Скопје, 1975, 194); Истава бројка од 218 км, ја изнесол и австроунгарскиот конзул во Битола. Cf. Златко Билјановски, Некои податоци за надворешната трговија на Македонија во времето од Кримската до Балканската војна, ГИНИ, г. VI/1—2, 1962, 203.

Меѓутоа во монографијата за железниците во Македонија е нагласено дека должината на споменатата линија изнесувала 219 км. (Историја на железниците во Македонија, Скопје, 1973, 68).




Факсимил

1898
м-181, Архив на Македонија,
Скопје

во Вилаетот со висококонкурентна европска индустриска стока, нанесувајќи му на тој начин непоправливи загуби на стопанскиот развиток во Битолскиот вилает.

Наидувајќи на незаситен пазар кој лесно ги апсорбирал европските индустриски производи, а од друга страна на неисцрпен вруток на евтини суровини и селскостопански производи, европскиот капитал се обидувал со сите средства да ги зацврсти и прошири стекнатите позиции и да обезбеди долгорочна колонијална експлоатација на незаштитената територија.

Покрај тоа, европскиот финансиски капитал, преку разните акционерски друштва во Европска Турција, првенствено од банкарско-кредитен и трговски карактер, како и друштвата за експлоатација на рудните богатства и за изградба и експлоатација на железничката мрежа, — извлекувал огромни профити и дивиденди. Во тој поглед посебно се истакнувала Отоманската тутунска режија чиј монополски јарем ги гушел македонските и останатите тутунопроизводители во Македонија, и конкретно, во Битолскиот вилает.[2]

Странскиот капитал во Битолскиот вилает извезувал, главно, колонијални и мануфактурни стоки, а увозувал, првенствено, селскостопански производи: цереалии, индустриски култури (тутун, афион, памук), волна и сурови кожи.

Пасивниот надворешно-трговски биланс на Битолскиот вилает резултирал од растечката диспропорција помеѓу извозот и увозот, и фактички го означувал одливањето на народните богатства во странство.

Така, според британската документација, во Битолскиот вилает во 1893 година била внесена европска стока во износ од 228.800£, а изнесена стока од само 30.000 £.[3]

Веќе следната, 1894 година, сликата се изменила во корист на увозот. Во таа година вредноста на увезената европска стока пораснала на 248.100 £, а извозот во странство паднал на 28.500 фунти стерлинзи[4]. Одовде мошне релјефно се гледа дека увозот бил за скоро 8 пати поголем од извозот што претставува енормна економска диспропорција[5].

---

[2] Cf. Клисуров, Очерки върху историята на македонското освободително движение, Социал-економическите предпоставки за създаването и дейноста на Македонската революционна организация, — сп. Македонско дело, 6/140, 25 юни 1931, 8.

[3] Return of Principal Articles of import to Monastir during the Years 1894—93, Mr. Vice-Consul Monahan, PRO FO, M-330 (британски микрофилм), Архив на Македонија, Скопје, 18

[4] Return of Prinicipal Articles of Export from Monastir., 18.

[5] Растечката диспропорција помеѓу извозот и увозот во Битолскиот вилает присутна е и во извештаите на австроунгарските дипломати во Битола. Според тие податоци, внесените европски стоки во Битолскиот вилает во 1895 година имале вредност во 2.114.000 австриски златни гулдени или круни, а вредноста на извезените стоки изнесувала 838 илјади, односно се јавила пасива о 1.276.000 круни Во 1897 година вносот изнесувал 2.690·000 круни, а износот 906.000 круни, односно се јавила пасива од 1.784.000 зл. круни. Веќе следната 1898 година вносот изнесувал: 6.750.000, а износот 1.600.000, односно се јавила фрапантна пасива од 5.150.000 круни.

Во 1897 година вредноста на увезените европски стоки во Битолскиот вилает пораснала на 289.500 £.[6] На прво место избила Австро-Унгарија со пласирана стока во вредност од 79.500 £. Потоа доаѓале: Велика Британија со 71.500 £, Белгија со 15.000 £, Франција со 12.000 £. Германија со 10.500 £. Русија со 9.000 £ останатите држави како Швајцарија, Италија, Грција, Бугарија—пласирале стока во вкупен износ од 24.000 £. а надворешните земји — во износ од 68.000 £.[7] За да добиеме подобра претстава за видот на внесените мануфактурни и колонијални стоки во Битолскиот вилает — ќе се послужиме со примерот за Велика Британија. Веќе спомнавме дека Велика Британија во 1897 година во Битолскиот вилает пласирала свои производи во вредност од 71.500 £. Таа вредност ја сочинувале: 4.000 £ за пласирани 430.000 кгр. бакарни, калајни производи, ковано железо, бел лим, олово, машини за шеќер и сл.; 17.000 . .£. за пласирани 35—40 илјади пакети со тежина од 150.000 кгр. — со памучни конци: 13.000 £ за машки кошули; 30.000 £. за производи од чоја, волна, лен и свила; и 7.500 £. за зачини, хемиски производи, метални домашни предмети, лекови, бисквити, бонбони и сл.[8] Покрај тоа, потребно е да напоменеме дека останатите држави пласирале во Битолскиот вилает: алкохол, кафе, шеќер, цигари, петролеј, сапун, хартија, галантерија, кожени производи и др.[9]

Извозот од Битолскиот вилает во 1897 година во споредба со 1894 година бил зголемен за скоро 150% и изнесувал 68.000 £.[10] Од нив припаѓале: 28.000 £. за извесени 5.200.000 кгр. цереалии; 6 000 £. за извесни 600.000 кгр. брашно; 20.000 £ за 265.000 парчина сурови кожи; 8 000 за извезени гајтани и штофови од фабриките во Дихово и Магарево; и 6.000 £ за артикли како: сечени дрва, пипер, риби, долги чорапи, гаќи, грав, стар бакар и сл.[11].

Интересно е што во извозот презентиран во статистичкиот преглед на Писурика — не фигурираат индустриски култури.

Како и да е, само еден летимичен поглед на споменативе податоци може да ни ја открие вистинската експлоататорска суштина на европската капиталистичка размена со неразвиеното стопанство на

---

Во 1899 година вносот благо опаднал на 6.075.000 круни, а износот на 1.200.000. Сепак пасивата минимално била смалена во однос на претходната година и изнесувала 4.955.000 златни круни. (Д. Зографски, Развитокот на капиталистичките елементи во Македонија за време на турското владеење, Култура, Скопје, 1967, 392).

[6] Th. Pissurica, Importation à Monastir pendant 1897, Monastir le 9 mars 1898, M-326 (британски микрофилм), Архив на Македонија, Скопје.

[7] Th. Pissurica, Provenance de l'Importation à Monastir 1897, M.-326

[8] Th. Pissurica, Details sur l'Importation de la Grande Bretagne en 1897 . . . , M-326.

[9] Cf. f. 165. Российское императорское консулате в Битоли, бр. 93, Битоли 25 ноября 1900.

— До отдѣл Торговли Министерства финансов. (Консуль А. Ростковскій), M-319 (руски микрофилм), Архив на Македонија, Скопје, 3—5.

[10] Th. Pissurica, Exportation de Monastir et alentur pour l'étranger (1897) . . . , M-326.

[11] Ibidem.

Битолскиот вилает. За илустрација да ја истакнеме само енормната количина извезени цереалии, брашно и кожи за релативно ниска вредносна компензација. Сето тоа највидентно го потврдува полуколонијалниот статус на Битолскиот вилает во однос на европскиот капитал. Единствено изненадува пласманот на фабрички артикли во странство произведени во фабриките во Дихово и Магарево. Секако дека нивната конкурентност на странскиот пазар не се должи на некоја висока продуктивност или посовремена технологија, ами просто на безмилосната експлоатација на и онака евтиниот наемен труд.[12]

Во следните години, според Гаетано Кастелмола, диспропорцијата помеѓу извозот и увозот била знатно смалена. Така, во 1899 година во Битолскиот вилает била внесена стока во износ од 7.565.500 франка, а извезена стока во износ од 2.119.000 франка.[13]

Во 1900 година соодносот се изменил во корист на извозот. Тогаш увозот бил намален на 7.015.150 франка, а извозот зголемен на 2.626.745 франка.[14] Во 1901 година се забележува раст на увозот и незнатен благ пораст на извозот. Тогаш во Битолскиот вилает била пласирана европска стока во вредност од 7.506.830 франка, а извозот изнесувал 2.642.750 франка.[15]

Според Кастелмола, Битолскиот вилает извезувал: цереалии, брашно, животински кожи, шафран, опиум, афион, тутун, солени риби од Охрид, ореви, килими, волнени предмети и сл.[16]

Кастелмола ги наведува и државите што ги пласирале своите производи на пазарите во Битолскиот вилает. Тоа биле: Австрија, Германија, Англија, Белгија, Италија, Франција, Швајцарија, Грција, Србија, Бугарија, Романија и Холандија, а од воневропските земји: Соединетите Американски Држави и Бразил.[17]

Италија во 1897 година пласирала стока во Битолскиот вилает во вредност од 90.000 франка.[18] Во 1899 година италијанскиот извоз во Битолскиот вилает знатно скокнал и достигнал вредност од 296.550 франка, а во следната 1900 година спаднал на 241.285 франка.[19] Нов

---

[12] Според Д. Зографски, производството на споменативе фабрики го консумирале соседните вилаети, а во странство се пласирало главно во Грција, Албанија и Србија.

„Диховската фабрика премина во целост на парен погон дури во 1895 година а во 1896 година веќе запослуваше 220 работници и работеше деноноќно, без прекин Нејзините работници беа слабо плаќани и најголемата надница достигаше само до 5 пијастри, а употребата на женскиот и детскиот труд беше многу распространета". (Д. Зографски, op. cit., 484, 485).

[13] Il Vilayet di Monastir, Rapporto . . . , 12 (342).

[14] Il Vilayet . . . , 12.

[15] Ibidem.

[16] Il Vilayets Monastir, Rapporto . . . , 12.

[17] Ibidem.

Интересно е што Кастелмола не ја споменува Русија.

[18] Il Vilayet. . . , 12—13 (342—343).

[19] Il Vilayet . . . , 13 (343).

крупен скок италијанскиот извоз во Битолскиот вилает направил во 1901 година кога достигнал вредност од 385.929 франка.[20]

Меѓутоа, податоците за надворешно-трговската размена на Битолскиот вилает што ги изнесува Ростковски, во извештајот од 25 ноември 1900 година упатен до Трговскиот оддел на руското Министерство за финансии, знатно се разликуваат од гореизнесените податоци на Кастелмола. Навистина, и самиот Ростковски потенцира дека не може да смета на апсолутна точност на неговите податоци.[21]

Според рускиот в. конзул во Битола — Ростковски во Битолскиот вилает била пласирана странска стока во вредност од 3.248.000 франка, а изнесената стока вредела 1.053.000 франка.[22]

Доколку ги компарираме податоците за надворешно-трговската размена на Битолскиот вилает — презентирани од Кастелмола и Ростковски, ќе констатираме дека надворешно-трговската размена на Битолскиот вилает според Ростковски била повеќе од двојно пониска спрема онаа презентирана од Кастелмола.

Како што веќе спомнавме, вредноста на пласираната европска стока во Битолскиот вилает, според Ростковски, изнесувала: 3.248.000 франка. Од тоа отпаѓале: на Австрија 894.000 франка, на Англија 550.000 франка, на Германија 448.000 франка, на Белгија 420.000 франка, на Русија 272.000 франка, на Италија 267.000 франка, на Франција — 261.00 франка, на Швајцарија 96.000 франка и на Грција 40.000 франка.[23]

Австрија, според Ростковски, ја истиснала Англија од првото место откако и го презела довозот на кафето; Германија конкурирала со платно од подобар квалитет; Белгија држела поголем дел од трговијата со железни производи, оставајќи и помал дел на Австрија; Италија и конкурирала на Франција во трговијата со свилени производи и успеала да ја потисне на втор план. Австрија имала монопол на трговијата со алкохол, хартија, кафе и шеќер. 6/7 од целокупното количество шеќер внесен во Битолскиот вилает го пласирала Австрија. Русија пласирала шеќер само за 20.000 франка. Ростковски смета дека Русија би можела да и конкурира на Австрија во пласманот на алкохол и шеќер.[24]

Според Ростковски, Битолскиот вилает извезувал сирови кожи во вредност од 1.053.000 франка. Кожите на домашните животни, преку Солун, се пласирале во Австрија, Германија, Франција и Америка. Кожите на дивите животни (зајаци, лисици и волци) се упатувале директно и исклучиво во Лајпциг.[25] Така, во странство се пласирале 190 илјади

---

[20] Ibidem.

[21] Ростковски истакнува дека Турците не објавувале статистички податоци за трговската размена, зашто тоа го третирале како државна тајна.

Cf. Извештај на Ростковски, бр. 93/Битоли 25 ноября 1900. . . , М-319 (руски микрофилм), 3—4.

[22] Ростковский, Idem, 6—7.

[23] Ростковский, Idem, 8.

[24] Ростковский, Idem, 8—9.

[25] Ростковски,й Idem, 6.

парчиња јагнешки кожи во вредност од 237.000 франци; 150 илјади кожи од јарина во вредност од 320 000 франци; 80 илјади овчји кожи во вредност од 160 000 франка; 110 илјади козји кожи во вредност од 300 000 франка; 40 илјади зајачки кожи во вредност од 15 000 франка; илјади лисичји кожи во вредност од 12 000 франка; и 1.500 волчи кожи во вредност од 2.000 франка[26].

Што се однесува до цереалиите, Ростковски забележува дека тие служат во најголем дел за исхрана на местното население и само во исклучително родни години се извезувале 250.000 кила (380.000 пудови).[27]

Ростковски истакнува дека увозот за близу 2.000.000 франка го надминувал извозот, поради што знатен дел од осиромашеното местно население за да може да ги издржи своите фамилии — заминувал „на работа во Србија Бугарија, Романија . . .“[28]

Од изнесените податоци на Ростковски евидентно се гледа дека тие не даваат комплетна слика на надворешно-трговската размена на Битолскиот вилает. Сепак, тие овозможуваат извесно проширување на видокругот за споменатата проблематика.

Сите досега изнесени податоци за надворешно-трговската размена на Битолскиот вилает евидентно говорат за нерамноправниот третман и полуколонијалниот статус на Битолскиот вилает во однос на експанзионистичкиот европски капитал.

Силната пенетрација на странскиот капитал во Битолскиот вилает довела до одумирање на панаѓурите и руинирање на домашното занаетчиско[29] и мануфактурно производство.

Амбисот во кој се нашло мануфактурното стопанство бил неизбежен поради неможноста тоа да го издржи притисокот на висококонкурентната европска индустриска стока. Најдрастичен пример за тоа ни дава фалирањето на охридските кожарски мануфактурни работолници под притисокот на пласираните кожарски финални артикли на висококурентната европска индустрија.[30]

Европскиот капитал довел до доминација на стоковно-паричните односи, ја забрзал диференцијацијата сред масите и придонел за пау-

---

[26] Ростковский, Idem, 6—7.

[27] Ростковский, Idem, 7.

[28] Ibidem.

[29] Сведоштвото на Еничерев за економската сосипаност на Прилеп во 1884 година најдобро говори за тоа.

Cf. Д. Кьосев, История на Македонското движение. . ., 79.

[30] Шапкарев ја опишува декаденцијата на Охрид кон крајот на минатиот век. Од некогашните 150 кожуварски мануфактурни работлници околу 1890 година во Охрид останале само 2 со 10 -на работници. Cf. Д. Кьосев, op. cit. 79; Д. Миљовска, Две развојни етапи . . ., 50.

Кузман Георгиевски Две писма на македонски јазик со грчки букви од богатата кореспонденција на трговската фирма „Браќа Робеви и синови“ и кожарството во Охрид во втората половина на XIX век, — ГИНИ, XVIII/1, Скопје, 1974, 201—209

перизацијата на знатен дел од градското и селското население во Битолскиот вилает. Тоа, покрај другото, довело до зголемување на печалбарството и економската емиграција.[31]

Сепак, занаетчиството, гледано глобално, во најголем дел успеало да ја избегне судбината на мануфактурното стопанство благодарение на неговата адаптерска способност и движењето на линијата на рентабилитетот, без речиси никаква акумулација на капиталот, обезбедувајќи ја во најголем дел само голата егзистенција на своите производители.[32] Секако, тоа не значи дека запрел процесот на руинирањето и пауперизацијата на занаетичството. Напротив, тој процес и натаму продолжил, само што кај занаетичството, за разлика од мануфактурата, тој процес се одвивал успорено, во нешто поблага форма, фрлајќи одвреме—навреме руинирани занаетчии во резервната армија на трудот.

Зголемувањето на обемот на трговската размена со странските партнери предизвикало јакнење на трговското крило на буржоазијата во Битолскиот вилает. Секако дека со изградбата на железничката мрежа во Македонија, посебно со изградбата на железничката линија Солун—Битола, дошло до зајакнување и поголемо еманципирање на битолските трговци од супрематијата на солунските трговци. Барањето на битолските трговци за отворање Царинарница во Битола најречито зборува за нивниот стремеж кон потполна самостојност во трговскиот делокруг.

Лесната преработувачка, речиси, симболична индустрија на Битолскиот вилает, првенствено од прехранбен и текстилен карактер, најдобро го потенцира полуколонијалниот статус на Вилаетот во однос на европските империјалистички сили. Фаталната османска економска

---

[31] „Повеќе од 60.000 мажи секоја година одат на работа во соседните кнежевства, во Цариград и Смирна и преку разните занаети заработуваат, според една приближна сметка, од 10—15 лири секој.

...Од Битолскиот санџак одат во Србија, Бугарија и Романија — каменоресци, а во Цариград — градинари; од Дебарскиот — во Цариград, Солун и Смирна — алвации и бозаџии; од Корчанско ѕидари во разни места на Турција, и од Серфиџескиот (санџак) разни работни луѓе во слабо населената Тесалија". (Извештај бр. 54 од рускиот дипломат во Битола, Димерик, упатен до рускиот амбасадор во Цариград, Нелидов, Битола, 30 мај 1891 г., — И. Г. Сенкевич, Кон прашањето за економскиот развиток на Битолскиот вилает во 80—90 години на XIX век, ГИНИ, XI/3, Скопје, 1967, 179).

Cf. Изъ живота и положението на Българите въ Вилаетите отъ А. Шоповъ, Пловдивъ, 1893, 246; И. Г. Сенкевич, Об изменениях в аграрных отношениях в Македонии в последнейх четврти XIX века..., Кишинев, 1966, 767; Д. Хр. Константинов, Печалбарството, Научно друштво, Битола, 1964.

[32] „Без разлика што во втората половина на истиот (XIX в, м. б.) век, т.е. по седумдесеттите години, занаетчиството опаѓало, бројот на еснафите се зголемувал веројатно затоа што некои занаети или занимања. кои биле порано во рацете само на Турците, биле преземени од христијанското население". (К. Битоски, Прилог кон проучувањето на битолските еснафи и нивната општествена улога во XIX в, — ГИНИ X/1, Скопје, 1966, 160).

Cf. Кирил Пенушлиски, Опис на еснафите во Прилеп од Марко Цепенков, ГИНИ, VIII/2, Скопје, 1964, 207—239; А. Шоповъ, op. cit., 273, 333.

политика го кочела индустрискиот развиток на Вилаетот, фрлајќи го во прегратките на европскиот капитал и со самото тоа запечатувајќи ја неговата судбина — на пазар за пласман на европските индустриски стоки, суровинска база и аграрен приврзок на експанзионистичкиот европски капитал.

Лесните индустриски капацитети биле лоцирани, главно, во поголемите урбани центри на Вилаетот, односно, во нивната близина.

Според извештајот на Н. Димерик за економската состојба на Битолскиот вилает во 1890 година што всушност претставува анекс кон извештајот бр. 54/30 мај 1891 година, скромната индустрија на Битолскиот вилает се сведувала на 7 мелници во Битола со 20 валци, 3 во Прилеп со 6 валци. мали мелници во Корча и Кожани, две мали, фабрики за пиво во близина на Битола, — и две текстилни фабрики за волнени гајтани во Дихово. Покрај тоа, авторот го констатира замрувањето на кожарската мануфактура, чии производи порано биле високо котирани на Лајпцишкиот саем. „Сега во Охрид овој занает речиси сосем исчезна, а во Костур е намален на половина“.[33]

Според Д. Зографски, прехранбените индустриски капацитети во Битолскиот вилает во 1897 година ги сочинувале; 8 хидраулични мелници во Битола, 3 хидраулични мелници во Прилеп и една парна мелница во Крушево. Парната мелница што била лоцирана во Битола имала 6 валци и капацитет од 10 тони брашно дневно.[34]

Во 1899 година бројот на парните мелници во Вилаетот пораснал, така што во Прилеп работеле 2 парни мелници, а во Крушево и Невеска по една. Освен тоа, во Охрид се градела нова парна мелница.[35]

Покрај тоа, во 1885 година во Битола била изградена фабрика за бонбони и локуми на Герасим Сотиров.[36].

Според Зографски, швајцарска трговска фирма изградила во Битола две мали фабрики, едната за пиво и шпиритус, а втората за прочистување на зејтин, но тие набрзо крахирале поради крупните за губи.[37].

Во селото Буково била подигната мала фабрика за пиво, која во 1890/91 година имала капацитет од 600 хл. пиво, но била принудена поради недостиг на магацински простор, да уништи дел од своето производство. Нова фабрика за пиво била подигната во с. Трново. Наскоро, двете пиварници, во с.. Буково и с. Трново, поради слабиот квалитет и надворешната конкуренција, крахирале.[38]

Базата на текстилната индустрија во Вилаетот била ставена со изградбата на текстилната фабрика во Дихово во 1885 година, која почнала со производство следната 1886 година. Таа во 1895 година

---

[33] И. Г. Сенкевич, Кон прашањето за економскиот развиток на Битолскиот вилает . . . , 184, 185.

[34] Д. Зографски, Развитокот на капиталстичките елементи, 467

[35] Д. Зографски, op. cit., 468.

[36] Л. Соколов, Предусловите . . . , 68.

[37] Д. Зографски, op. cit., 472.

[38] Д Зографски, op. cit., 476.

целосно преминала на парен погон. Оваа фабрика вработувала 220 работници и работела перманентно, деноноќно. Во последната деценија на минатиот век била подигната нова текстилна фабрика во Магарево. Овие две фабрики придонесле да се намали дотогашниот внос на шајак во Западна Македонија и нејзината околина.[39]

Хемиската индустрија во Вилаетот ја претставувала една мала фабрика за сапун во Битола.[40]

Никулците на керамичката индустрика во Вилаетот ги претставувале; една мануфактура за груб полупорцелан во Кожани[41] и фабриката за тули во Ресен подигната во 1904 година.[42]

Странскиот капитал посебно бил заинтересиран за експлоатацијата на рудните богатства во Вилаетот. Неговите погледи биле свртени кон утврдените богати наоѓалишта на гипс во Дебар, на бакар и манган во близината на Кичево, на антрацит кај Костур. Така, едно француско акционерско друштво истражувало и наишло на гореспоменатите богати наслаги на бакар и манган во близината на Кичево.[43]

Во 1890 година од откриените богати рудни наслаги во Вилаетот, според Димерик, бил експлоатиран само антимонот во Мариово од компанијата Алатини од Солун.

Целокупното годишно количество антимон во вредност од 20.000 лири — било извезувано во Лондон.[44]

---

[39] Според Л. Соколов, фабриката во Магарево била подигната во 1890 година и вработувала 800 работници. „50% од производството било пласирано во Албанија". (Л. Соколов, Предусловите..., 68).

Меѓутоа, според Д. Зографски, фабриката во Макарево проработила во 1892 година. (Д. Зографски, op. cit., 485).

[40] Il Vilayet di Monastir, Rapporto..., 12 (342).

[41] Ibidem.

[42] Д. Зографски, op. cit., 509.

[43] Il Vilayet di Monastir, Rapporto..., 12 (342).

„Во Кичевската каза железните руди до неодамна се обработуваа со голем успех. Количеството на добиеното железо преминувало 30.000 оки годишно, а сега таа експлоатација потполно е зафрлена". (Н. Скрябин, op. cit., 72).

„Еден дел од железната руда од кичевскиот базен се преработуваше во Крушово, каде што при крајот на XIX век работеа 12 ковачници". (Д. Зографски, op. cit., 238).

Покрај тоа, според Скрајбина, бил експлоатиран гипс во Дебарскиот санџак. Во Битолскиот вилает биле пронајдени богати наслаги на камен јагнен. сулфур, сребро и бакар, но поради нееластичноста на локалните турски власти околу давањето на концесии за експлоатација на рудните богатства, наоѓалиштата останале неискористени.

Cf. Н. Скрябин, op. cit., 71—72; Д. Зографски, op. cit., 237—238.

[44] Н. Димерик, Анекс кон извештајот бр. 54 (Битола, 30 мај 1891: Извештај за економската состојба на Битолскиот вилает за 1890 г., — И. Г. Сенкевич, Кон прашањето за економскиот развиток на Битолскиот вилает..., 183—184.

„Други две поголеми рудишта, 'Стримон' и 'Редрок' во режија на фирмата Алатини и на солунскиот трговец Шарно, даваа квалитетна руда со 40—45% арсеник и 53—62% антимон. Концесионерите на овие рудишта отпрвин постигнаа големи печалби, успевајќи да ја продаваат руота по цена од 27—30 т. лири на тона, додека нивните производствени трошоци изнесуваа само 18 лири по тона". (Д. Зографски op. cit., 240—241).

Според Л. Соколов, во македонскиот дел на Битолскиот вилает во 1904 година постоеле 31 индустриско претпријатие. Најголем дел од нив отпаѓал на прехранбената индустрија 22, потоа на текстилната индустрија 5, градежната била застапена со две, а дрвната со едно индустриско претпријатие. Процентуално, според Соколов, во Битола биле лоцирани 27,7% од вкупните македонски индустриски капацитет, во Прилеп 2,7%, а во Охрид, Ресен и Крушево по 1,3%[45]

Според Д. Зографски, во македонскиот дел од Битолскиот вилает кон крајот на турското владеење биле лоцирани 34 индустриски претпријатија. Од нив најголем дел отпаѓале на Битола — 23, а останатите биле лоцирани: 4 во Прилеп, 2 во Охрид, 2 во Крушево и по едно индустриско претпријатие во Сорович, Ресен и Кожани.[46]

Меѓутоа, овие рудиментарни индустриски капацитети биле далеку од можноста посериозно да ја загрозат супрематијата на европскиот империјалистички капитал во Битолскиот вилает

Селското стопанство било доминантна гранка во стопанскиот живот на Битолскиот вилает.

Во 1890 година, според Димерика, селското население во Вилаетот броело 693.000 луѓе од вкупно 838.384 жители, коешто, процентуално изразено, претставувало 83% од вкупното население на Битолскиот вилает.[47]

Земјоделството било најзначајна селско-стопанска гранка во Вилаетот. Процентот на зиратната земја во Битолскиот вилает во однос на вкупната географска површина бил многу низок и изнесувал 7,30% од вкупната површина на Вилаетот Така, според рускиот в. конзул во Битола Скрјабин, зиратната површина во Битолскиот санџак опфаќала 2.400.000 дунуми, во Корчанскиот 900.000, а во Дебарскиот 1.050.000 Иако непотполни, овие податоци на Скрјабина од 1885 година овозможуваат да се добие одредена претстава за величината на експлоатираната аграрна површина во споменативе три санџаци на Вилаетот.[48].

Економскиот преглед на Димерик за 1890 година овозможува да се добие поконкретна слика за размерите на селско-стопанското производство во Битолскиот виалет. Така според Димерика, цереалиите го држеле првото место меѓу аграрните производи во Вилаетот. Во 1890 година вредноста на производените житарици се проценувала помеѓу 1.800.000—2.000.000 турски лири. Притоа, најжитороден санџак бил Битолскиот, а второто место го држел Серфиџескиот санџак.[49]

На второ место, зад производството на цереалии, доаѓало, според Димерика, производството на грозје. Вкупниот принос на грозје

---

[45] Л. Соколов, Idem., 73—74.

[46] Д. Зографски, op. cit., 524—525.

[47] Извештај бр. 54/Битола, 30 мај 1891, — составен од управникот на Вицеконсулатот Н. К. Димерик и испратен по А. И. Нелидов, — И. Г. Сенкевич, Idem,

[48] Н. Скрябин, op. cit., 67.

[49] Н. Димерик, Извештај за економската зостојба на Битолскиот вилает... 180.

износувал помеѓу 25—30.000.000 оки годишно. Од тоа количество 12.000.000 оки биле наменети за производство на вино, а 1.100.000 оки за ракија.[50] Домашната ракија не можела да ги задоволи нараснатите консумативни потреби на пазарот поради што се увезувале помеѓу 60—100.000 оки ракија од Солунскиот вилает.[51]

Што се однесува до индустриските култури, на прво место доаѓал тутунот. Меѓутоа, поранешното производство од 600.000 оки тутун, во 1890 година паднало на половина поради ниските откупни цени од 4—5 пијастри за 1 ока што ги определила Отоманската тутунска режија, чија монополска положба била неприкосновена. Секако дека тоа било причина не само за намалување на производството, но и за процутот на контрабандата со тутун.[52]

Производството на останатите индустриски култури било помало Така, според Димерик, се произведувале околу 75.000 оки лен и коноп.[53]

Покрај тоа, се произведувала свила во вредност од 5—6 илјади лири. Во Кожани се одгледувал шафран во количина до 1.000 оки — со вредност од околу 5.000 лири.[54]

Од градинарските култури во 1890 година најмногу се произведувале грав и пиперки. Гравот што се извезувал во Солун се проценувал помеѓу 500—800 лири.[55]

Маслинови плантажи, според Димерика, имало единствено во Елбасанскиот санџак. Притоа годишно се произведувало помеѓу 400—500.000 оки масло.[56]

Освен тоа, во Битолскиот вилает се добивале 10.000 оки мед и 100.000 оки восок во вредност од околу 3.000 турски лири.[57]

Сточарството доаѓало веднаш зад земјоделството, заземајќи го така второто место во селското стопанство на Вилаетот.

Најмногу се одгледувал ситен рогат добиток, додека крупниот добиток н добитокот за влеча се одгледувал во помали количани.

---

[50] Н. Димерик, Извештај . . . , 181.
Според Еничерева, под лозја се наоѓале 335.628 долуми Н. Еничеревъ, op. cit. 342.
[51] Н. Димерик, !dem., 181.
[52] Ibidem.
Според Еничерева се произведувале 413.585 оки тутун. Н. Еничеревъ, op. cit., 342.
[53] Н. Димерик, Idem., 181.
Според Еничерева се произведувале: 34.460 кила лен, 2.725 кила коноп и 81.000 оки памук. Н. Еничеревъ, op. cit., 342.
[54] Н. Димерик, Idem., 181.
[55] Ibidem.
Според Еничерева се произведувале: 1.432.165 оки грав, 17.908 оки леќа и 130.490 оки бакла. Н. Еничерев, op. cit., 342.
[56] Н. Димерик, Извештај. . . , 182.
[57] Ibidem.

Во 1890 година, според Димерика, сточниот фонд во Битолскиот вилает го сочинуале: 1.250.000 овци, 700.000 кози, 120.000 волови и крави, 12.000 биволи, 85.000 свињи, 40.000 коњи, 9.000 магариња и 5.000 маски.[58]

Одвишокот на козите и овците во износ од 25—30.000 грла се пласирал во Грција за 15.000 лири.[59]

Освен тоа, се добивале: 80.000 оки волна со вредност од 8000 лири, 100.000 оки козина во вредност од 4.000 лири, 900.000 оки сирење во вредност од 10.000 лири, — и 800.000 оки маст во вредност од 60.000 лири. Сите овие производи биле, обично, консумирани на домашниот пазар.[60]

Прирастот на крупниот добиток постојано опаѓал, поради што во Вилаетот се увезувале од Бугарија и Србија по 10—15.000 волови годишно со вредност од околу 30 илјади лири, како и 7—800 грла ваков добиток од Грција.[61]

Поради нискиот прираст на добитокот за влеча,секоја година се увезувале во Вилаетот од Босна, Бугарија, Србија и Унгарија 6—8 илјади коњи во вредност помеѓу 40—50.000 лири. Покрај тоа, во Грција се набавувале уште 3—4 илјади коњи.[62]

Шумарството во Вилаетот било свртено кон задоволување на локалните потреби. Само мал дел градежен материјал, греди и штици биле извезувани во Солун. Катранот во износ од 55.000 оки и вредност од 850 лири од Мариово со сплавови по р. Црна се превезувал до р. Вардар.[63]

Експлоатацијата на огревното дрво била голема. Сепак, таа била под контрола на шумскиот ресор во Вилаетската управа.[64]

Според тогашните проценки, во 1890 година во Битолскиот санџак се наоѓале 198.000 дунуми (долуми) под шуми, во Серфиџескиот 120.000, а во Корчанскиот 111.000 дунуми шуми.[65]

Нема податоци за целокупниот шумски фонд на Вилаетот, но само се знаело за големите шумски пространства во Дебарскиот и Елбасанскиот санџак, кои биле вон дометот на Вилаетската шумска управа.[66]

---

[58] Н. Димерик, Извештај. . ., 182.

Нешто подоцна, според Еничерева, во Битолскиот вилает имало: 86.241 ѕевгари волови, 1676 ѕевгари биволи, 60.843 крави, 38.633 телиња, 7.253 биволчиња, 29.324 коњи, 1.180.369 овци, 666.893 кози, 7855 маски, 40.518 магариња и 72.445 свињи. Н. Еничеревъ, op. cit., 342.

[59] Н. Димерик, Извештај . . . , 182.

[60] Ibidem.

[61] Ibid.

[62] Н. Димерик, Idem., 183.

[63] Ibidem.

[64] Ibid.

[65] Н. Димерик, Idem, 183.

[66] Ibidem.

Според Еничерева, шумите во Серфиџескиот санџак се наоѓале под Солунската шумска управа, шумите на Дебарскиот и Елбасанскиот санџак не биле под ничиј надзор, а шумите на Битолскиот и Корчанскиот санџак се проценувале на околу 867.400 декари. Од тоа, 120.200 декари отпаѓале на Корчанскиот санџак. (Н. Еничеревъ, op. cit., 349).

Ловот во Вилаетот бил прилично развиен поради странската побарувачка на скапоцени животински крзна, но професионални ловци немало[67]

Риболовот во Вилаетот, поради бројноста на реките и езерата, бил прилично развиен. Најквалитетни риби давало Охридското Езеро. Годишно се ловеле околу 800.000 оки риби во вредност од околу 12.000 турски лири.[68]

Секако дека резултатите на селското стопанство во Битолскиот, вилает биле далеку под реалните можности[69], што се должело, пред се, на османската економска политика на село, а во прв ред, на чилфигарскиот аграрно-правен систем.

Тешко може да се утврди, поради недостиг на податоци, степенот на разгранетоста на чифлигарскиот систем во Битолскиот вилает. Меѓутоа, беспорно е дека чифлигарството во Битолскиот вилает било знатно раширено. Во рамничарските предели на Вилаетот, посебно во Битолскиот и Серфицескиот санџак, најплодните аграрни површини биле опфатени од чифлизи. За разлика од нив, во планинските области на Вилаетот доминирале слободните раетски села.

Парцијалните податоци, со кои располагаме, овозможуваат да се добие извесна претстава за разгранетоста на чифлигарството.

Така, според В. К'нчов, кон крајот на XIX век во битолската каза од 123 наведени села, 77 биле чифлички, 13 мешани, 28 раетски и 5 непознати села.[70] Слична била ситуацијата во Преспа, каде што од вкупно 66 села, 35 биле чифлички, 7 мешани и 24 слободни раетски села.[71]

Според податоците од анкетата на Д. Бојановски, во почетокот на веков, на територијата на поранешната Битолска околија, езгистирале 391 чифлик во 87 од вкупно 165 села.[72] На територијата на поранешната охридска околија (во 1955 г , м б ), околу 1903 година постоеле 85 чифлизи во 28 од вкупно 107 села[73] Во Струшко постоеле 41 чифлик во 13 села. [74] Во Ресенска околија егзистирале 45 чифлизи во 28 од вкупно 43 села.[75] Во Прилепска околија постоеле 336 чифлизи во 61 од вкупно 131 село.[76] Меѓутоа, според други податоци, во Прилепско постоеле 271 чифлик, од кои 220 се наоѓале на турска, а 51 во христи-

---

67 Н. Димерик, Извештај . . . , 183.

68 Ibidem.

69 Ibidem.

70 Васил Кънчов, Битолско, Преспа и Охриско, — Избрани производения, т. I, София, 1970, 389—394.

71 В. Кънчов, Ibidem, 422—427.

72 Диме Бојановски, Чифличките односи околу 1903 година, Годишник на Правно-економскиот факултет во Скопје (1954), 1955, 471.

73 Д. Бојановски, Idem. 471.

74 Ibidem.

75 Ibidem.

76 Ibid.

јанска сопственост[77]. Во планинските предели на Дебарско и Кичевско сликата била поинаква- Така, на територијата на бившата Дебарска околија, според Д Бојановски-Дизе, постоеле само 12 чилфизи во 8 од вкупно 73 села.[78] Во Кичевска околија постоеле 16 чифлизи во 14 од вкупно 183 села.[79]

Нешто поцелосни податоци за распространетоста на чифлигарството во Битолскиот вилает и тоа само за егзархиските села се изнесенн во една подоцнежна статистика. Така, според неа, од вкупно 581 егзархиско село во Битолскиот вилает, 85 биле чифлички, 153 мешани, а 343 раетски, односно, процентуално кажано, 14,65% биле чифлички, 26,33% мешани и 59,03% слободни раетски села.[80] Меѓутоа, треба да се има предвид фактот дека податоците се однесуваат на подоцнежен период, кога кризата на чифлигарскиот систем знатно напреднала, а со самото тоа и откупувањето на чилфичката земја.

Како и да е, од досега наведените податоци може да се добие одредена слика за разгранетоста на чифлигарството во македонскиот дел на Битолскиот вилает.

Да напомeнеме и тоа дека во април 1889 година во Битола била отворена филијала на Османската земјоделска (Зираат), банка, чија основна намена била да го унапредува земјоделскиот развиток, давајќи земјоделски кредити со 6% годишна камата[81] Меѓутоа, нејзиниот капитал во Македонија се состоел од незначителна сума од 2.700 турски лири.[82] Затоа ретко кој македонски земјоделец имал можност да се користи со нејзините услуги. Обично македонските земјоделци биле длабоко вплеткани во пајаковата мрежа на лихварскиот капитал[83]

Нерешеното аграрно прашање, безмилосната експлоатација на чифлигарите, суровата даночна политика, бездушните злоупореби на бирниците и мултезимите, злоупотребите и злоделата на падаритемуслимани и Турците — бабаити, разбојничките насилства, насилствата и теророт на официјалната власт и нејзините органи, корумпираноста на бирократскиот апарат, лихварството и разорното дејство на европскиот капитал — го довеле македонскиот селанец во Битолскиот вилает до просјачки стап. Ако кон ова се додадат екстензивниот начин на производство и примитивните орудија, ќе се добие вистинска слика за

---

[77] Прилеп и Прилепско низ историјата, ИНИ — Општинско собрание и Сојуз на Здруженијата на борците од НОВ — Прилеп, Прилеп, 1971, т. I, 255.

За положбата на чифлигарите во Прилепско види: Љ. Лапе, Марко Цепенков за селските задружни куќи и чифлизи во Прилепско, Тиквешко и Штипско, — сп. Историја, III/2, Скопје, 1967, 83—87.

[78] Д. Бојановски, Idem. 471.

[79] Ibidem.

[80] Cf. Хр. Христов, Аграрните отношения в Македония през XIX и началото на XX век, БАН, София, 1964, 121; Д. Кьосев, op. cit., 88—89.

[81] Н. Димерик, Извештај . . . , 182.

[82] И. Г. Сенкевич, Объизмененых . .  , Кишинев, 1966, 767.

[83] Cf. К. Битоски, За лихварството во Македонија во втората половина на XIX век, ГИНИ, XIV/2—3, Скопје, 1970, 113—127.

очајната борба на македонскиот селанец за насушниот леб, за обезбедување и зачувување на голата егзистенција.

Вентил за привремен излез од ваквата ситуација преставувало гурбетчиството. Меѓутоа, тоа само делумно ја ублажувало положбата, но не ги решавало кардиналните општествено-економски проблеми на село. Затоа, грото македонско селанство, во прв ред, слободните раетски селани единствен излез од ваквата крајно влошена општествено-економска ситуација, гледале во револуционерната борба. Оттаму, македонските селани толку здушно ги пригрлиле идеите на македонското ослободително движење, влегле во базата на тоа движење и ја започнале гигантската борба за отфрлање на експлоататорскиот јарем, за слобода и подобар живот.

Примитивниот фискален систем, тешкото даночно бреме, корупцијата на бирократскиот апарат и судството,[84] режимскиот терор, разбојништвото, лихварството, полуколонијалниот статус во однос на европскиот капитал, надолниот о̂д на внатрешниот стопански развиток, печалбарството и економската емиграција, протегнатите раце на балканските пропаганди, како и внатрешните немири, — укажувале дека симптомите на гниење се вовлекле во сите пори на османскиот државно-правен и општествено-економски систем.

Во тој поглед ни Битолскиот вилает не бил имун и не останал понастрана од современите османски општествено-економски текови.

Кризата на османскиот државно-правен и општествено-економски систем, проследена со политичкото, националното, економското и духовното угнетување на широките слоеви на македонскиот народ, — ја овозможиле појавата, развитокот и растежот на македонското националноослободително движење во последната деценија на минатиот и почетокот на овој век.

---

[84] „Корупцијата како масовен општествен феномен земала дотолку пошироки размери, колку што по лествицата на чиновничката хиерархија се слегувало понадолу". (М. Пандевски, Положбата на Македонија во Османската империја кон крајот на крајот на XIX и почетокот на XX век, ГИНИ, XX/1, Скопје, 1976, 100).

„Турција е класична земја на рушветите . . . Валии, кајмаками, мудури, заптии, судии, полицајци, писари, — сите се рушветчии. . .

. . . Долните чиновници без рушвет не можат да живеат зошто добиваат сосема ништожни плати и ги земаат сосем нередовно". (Ив. Ивановъ, Положението на Българитѣ въ Македония, София, 1895, 29—30).

„Оваа година (1896) ситните чиновници десет месеци не добиле плата . . За да живеат тие крадат и крадат јавно, без никакво стеснување. Секој кадија без исклучок краде, секој член во судовите краде, секој кајмакам краде, секој писар краде. Крадат од народот, крадат од хазната. Ако не крадат, ќе умрат од глад". (Политиката на турското правителство спроти българитѣ въ Македония, Leipzig, 1896, 60—61).

**Димитар Димески**

# ЭКОНОМИЧЕСКОЕ ПОЛОЖЕНИЕ В БИТОЛСКОМ ВИЛАЕТЕ (ОБЛАСТИ) В ПОСЛЕДНЕМ ДЕСЯТЛЕТИИ XIX и В НАЧАЛЕ XX ВЕКА

(Резюме)

Рядом первоначальных статистических данных автор рисует картину экономического положения в Битолском вилаете к концу прошлого и в начале нынешнего века. В статье показаны экономическое развитие вилаета и причины его застоя. Особе внимание уделено роли иностранного капитала в хозяйственной жизни вилаета.

В Битолском вилаете переплетались экономические и политические интересы европейских империалистических держав и балканских государств. Благодаря прежде всего турецкой экономической политике и строительству железных дорог в Македонии ускорилось проникновение иностранного капитала в Битолский вилает. Ускорился также процесс превращения Битолскога вилаета в рынок для сбыта промышленных товаров европейских стран, превращения его в сырьевую базу и аграрный придаток экспансионистского европейского капитала. Это привело к проникновению мануфактурного производства и к быстрому разорению и обнищанию ремесленичества в вилаете. Легкая, перерабатывающая промышленность в Битолском вилаете, которая была в зародыше и имела главным образом пищевой и текстилный характер, лучше всего подчеркивает полуколониальный статус вилаета по отношению к европейским империалистическим государствам.

Европейский финансовый капитал извлекол огромные прибыли и дивиденты через разные акционерные общества в европеской части Турции, которые имели главным образом банково-кредитный и коммерческий характер, а также через разные общества по эксплуатации природных богатств и эксплуатации железных дорог. В этом отношении выделялась Отоманская табачная политика, монопольный ярем которой душил македонских и других производителей в Македонии, в том числе и в Битолском вилаете. С другой стороны, пассивный внешноторговый баланс Битолского вилаета, явившийся результатом возрастающей диспропорции между экспортом и импортом, ознаменовал утечку народных богатств за границу.